Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 262/0306
23.11 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 27.10.2023 година, врз основа на примена жалба од Мирослава Симоновска ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 29 септември 2023 година, Мирослава Симоновска поднесе жалба за видео со наслов „Со тешко крварење и притисок 240, пациентка се заглавила во лифт“, објавен на 28 септември 2023 во страна на ТВ Стар и на Фејсбук страницата на медиумот.

Во жалбата, Симоновска реагира дека станува збор за преземено авторско дело, без дозвола од авторот и од редакцијата на „Слободен печат“, каде што е истото објавено. Жалителката тврди дека станува збор за повреда на авторски труд на начин што медиумот ТВ Стар презел текст кој го има напишано сама, како и видео и аудио материјал создаден со тимска работа која се состои од стапување во контакт со извор, земање дозвола за тонско снимање од изворот, снимање на изјавата на изворот, монтирање на изјавата со монтажер со ресурси на „Слободен печат“ и со инсерти обезбедени од страна од изворот. Жалителката тврди дека откако ТВ Стар ја презел информацијата, не се одважил во согласност со професионалните новинарски начела да го препознаат и признаат трудот и го објавиле прилогот без атрибуција на „Слободен печат“. Дополнително, како што стои во жалбата, во прилогот на ТВ Стар, не била презентирана втората страна која се состои во изјава на директорот на ГОБ 8 Септември.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ Стар и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Телевизијата одговори дека жалителката Симоновска е во право и ја признаа грешката. Оттаму побараа колегијален разговор со колешката, бидејќи ТВ Стар и Слободен печат имале соработка, но, како што велат, тоа не значи дека треба да се злоупотребуваат авторските права. Од ТВ Стар побараа случајот да се реши колегијално и со добра волја.

Жалителката Симоновска се согласи на ова и го прифати процесот на медијација.

Комисијата за жалби направи дополнителни проверки во видео прилогот кој беше предмет на жалба и утврди дека и покрај добрата волја на двете страни, сѐ уште не се направени измени од страна на ТВ Стар во однос на наведувањето на изворот од каде е преземена содржината.

Комисијата упатува барање до ТВ Стар да изврши корекции, бидејќи позитивно решените процеси на медијација треба да служат како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува медиумите да покажат повеќе конструктивност и соработка, која нема да остане само на хартија.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595